РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,ВОДНИ УСЛУГИ
И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS,I SHËRBIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2060/4
17.11 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 54, став (1) точка 2.3. и член 164, став (1) точка 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2025 година донесе

# **О Д Л У К А**
## **за одобрување на Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа**

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа на операторот на електродистрибутивниот систем Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр. 20-2783/1 од 14 ноември 2025 година.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа од точка 1 на оваа одлука да ги објави на неговата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Операторот на електродистрибутивниот систем, Друштво за дистрибуција на електрична енергија Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), со допис бр. 20-2682/1 од 3 ноември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување предлог Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-2060/1 од 6 ноември 2025 година. Со Барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави Одлука за усвојување на предлог Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 02-2682/2 од 3 ноември 2025 година.

Врз основа на член 54, став (1) точка 2.3. и член 164 став (1) точка 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, ги одобрува Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа (во понатамошниот текст: Правила).

Електродистрибуција со допис бр. 20-2722/1 од 7 ноември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика достави нов дополнет текст на Правилата заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-2060/2 од 10 ноември 2025 година. Со Барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави Одлука за усвојување на предлог Правилата за

набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 02-2722/2 од 7 ноември 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика со решение број 02-2082/1 од 10 ноември 2025 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беа Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа. На подготвителната седница беа поканети претставници на АД ЕСМ Скопје, АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Стопанска комора на северо-западна Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, претставници од активните снабдувачи со електрична енергија и трговците со електрична енергија.

На 14 ноември 2025 година Регулаторната комисија за енергетика одржа подготвителна седница на која учествуваа претставници од: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, АД ЕВН Македонија, АД ЕСМ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, ЕТ МТ и ГЕН-И и беа дадени забелешки од страна на присутните.

Електродистрибуција со допис бр. 20-2783/1 од 14 ноември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика достави нов дополнет текст на Правилата заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-2060/3 од 14 ноември 2025 година. Со Барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави Одлука за усвојување на предлог Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 20-2783/2 од 14 ноември 2025 година.

На 17 ноември 2025 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која ги разгледа и одобри Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 20-2783/1 од 14 ноември 2025 година, коишто се во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-2060/4**
**17 ноември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа бр. 20-2783/1 од 14 ноември 2025 година.